HELSINKI COMMITTEE FOR HUMAN RIGHTS
ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
KOMITETI I HELSINKIT PËR TË DREJTAT E NJERIUT I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË
MAKEDONYA CUMHURİYETİ'NİN HELSINKI İNSAN HAKLARI KOMİTESİ
COMITET DI HELSINKI TI- NDREPTULI-A OMLUIDIREPUBLICA MACHEDONIA
HELSINŠKO COMITETI BAŠO E MANUŠENGERE NEJAMIJA KI REPUBLKA MAKEDONIJA
ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЉУДСКА ПРАВА РЕПУБЛИКЕ МАКЕДОНИЈЕ
Ул. Даме Груев 8/5, 1000 Скопје; п-фах 58 Р. Македонија тел/факс: + 389 2 3290 469; 3119 073
St. Dame Gruev 8/5, 1000 Skopje; PO Box 58 Republic of. Macedonia tel/fax: + 389 2 3290 469; 3119 073
e-mail: helkom@mhc.org.mk web page: http://www.mhc.org.mk

# МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## ЈАНУАРИ 2014

СОДРЖИНА

ЈАВНИ НАСТАНИ И ПОВРЕДИ НА ДЕМОКРАТСКИТЕ ПРИНЦИПИ
- Шест инциденти и кривични дела сторени од омраза

СОЦИЈАЛНИ ПРАВА
- Правото на домување сè уште нерешлив проблем за Ромските семејства
- Радиодифузната такса - пречка за остварување на социјалните права

ДИСКРИМИНАЦИЈА
- Дискриминација во областа на вработувањето и работните односи

СУДСКИ СЛУЧАИ
- Позитивна пресуда во случајот „Утрински весник“
- Управниот суд си противречи самиот на себе

ФЕВРУАРИ 2014

# ЈАВНИ НАСТАНИ И ПОВРЕДИ НА ДЕМОКРАТСКИТЕ ПРИНЦИПИ

## ШЕСТ ИНЦИДЕНТИ И КРИВИЧНИ ДЕЛА СТОРЕНИ ОД ОМРАЗА

Хелсиншкиот комитет веќе една година ги следи и мапира инцидентите и кривичните дела мотивирани од нетолеранција, односно предрасуди кон одредена група во општеството. За една година нотирани се над 60 потврдени и над 60 непотврдени инциденти во кои мотивот бил заснован на предрасуди или условите под кои се случил инцидентот укажуваат на прекршок или кривично дело сторено поради омраза.[1] Над 70% од сите овие се случуваат во Скопје, а остатокот најчесто во северно-западна Македонија. Најчеста мотивација за сторување на овие инциденти/кривични дела е различната национална припадност, верското убедување, сексуалната ориентација и политичката определба. Во текот на месец јануари мапирани се шест злосторства од омраза што претставува благо опаѓање на нивниот број на месечно ниво (за периодот март - декември 2013 година месечнот просек изнесува 11 инциденти).

Првиот инцидент се случи на 12 јануари кога клисар во црквата Свети Анастасиј и Света Петка во скопското село Волково пријавил во полициска станица дека се бутнати неколку надгробни плочи од црквата и огласната табла од црквата во селото. Вториот инцидент, на кејот на реката Вардар кога непознати сторители на 13 јануари ја уништија спомен плочата на Мара Бунева, поставена од страна на бугарски здруженија во Македонија. Ист ваков инцидент се случи и минатата година. На 14 јануари беше демолирано возило на Либерално-демократската партија на Македонија. Од партијата изразија сомневање дека се работи за намерен чин и заплашување. Четвртиот инцидент се случи на 18 јануари кога беше демолиран објект на партиски огранок на политичката партија Социјал-демократски сојуз на Македонија во Струмица. Инцидентот се случил во доцните вечерни часови кога непознати лица ги искршиле стаклата на објектот. Според кажувања на очевидец, тој слушнал како група деца извикувале „Смрт за комунистите“.

На 21 јануари во дворот на средното училиште „Здравко Цветковски“ во Скопје 18-годишник од селото Крушопек, кој бил вонреден ученик, со глава по аркадата удрил две години помлад соученик. Според Министерството за внатрешни работи нападнатото момче се обидело да извади метална палка на расклопување, но било спречено да ја употреби од страна на обезбедувач во училиштето. Последниот инцидент се случи во скопското село Крушопек на 31 јануари кога група малолетници, на организирана средба меѓу навивачки групи "Млада екипа Комити" - Карпош и "Дивицијан Хандрија", без повод и причина, оштетиле автомобил, каменувале куќи и навредувале минувачи. Полицијата идентификуваше дел од напаѓачите и против нив поднесе кривични пријави за насилство.

[1] Види www.zlostorstvaodomraza.com

# СОЦИЈАЛНИ ПРАВА

## ПРАВОТО НА ДОМУВАЊЕ СÈ УШТЕ НЕРЕШЛИВ ПРОБЛЕМ ЗА РОМСКИТЕ СЕМЕЈСТВА

Домувањето на припадниците на ромската етничка заедница во Република Македонија е идентификувано како најголем и најтешко решлив проблем за оваа заедница, како од страна на самите роми  така и од страна на организациите кои работат во оваа област,[2] меѓу кои и Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија. Во рамки на активностите за бесплатна правна помош, до Комитет беше поднесена претставка од страна на лицето Назми Демировски и неговото пошироко семејство, во која беше истакнат проблемот со домување на ова семејство.

Имено, семејството Демировски живее во општина Аеродром во бесправно изграден објект- куќа на истата локација повеќе од 20 години. За објектот била започната постапка за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект, меѓутоа поради промена во Деталниот урбанистички план, општината донела решение со кое се одбива барањето за утврдување правен статус на бесправно изграден објект, бидејќи на местото каде што се наоѓа куќата било планирано да се направи проширување на постојната сообраќајна инфраструктура од страна на Градот Скопје. Со оглед на ова, прашање на време е кога овој објект ќе биде отстранет. Поради фактот што градежните активности се веќе во тек, со цел да му се помогне на ова семејство да се смести во живеалиште со нормални услови за живеење, а имајќи ги предвид законските обврски на надлежните, Хелсиншкиот комитет за човекови права се обрати до општина Аеродром како и до Град Скопје, но за жал оттаму не беше добиен позитивен одговор.

Дополнително, Хелсиншкиот комитет за човекови права се обрати и до Министерот без ресор, г. Неждет Мустафа, кој истовремено е и Национален координатор за Декадата за вклучување на Ромите 2005-2015 и Стратегијата за Роми во Република Македонија. До моментот на пишување на извештајот, одговор сè уште не беше добиен.

Хелсиншкиот комитет е свесен дека предвидената градежна активност ќе донесе придобивки за голем број на граѓани бидејќи ќе се подобри сообраќајната инфраструктура, но со отстранувањето на овој бесправно изграден објект, семејството кое се наоѓа во социјален ризик, без покрив над главата и покрај тоа што на истото место живее повеќе од 20 години.

---

[2] Види на пример European Poma Pights Centre, *Macedonia Country Profile 2011-2012*, Достапен на: http://www.errc.org/cms/upload/file/macedonia-country-profile-2011-2012.pdf. European Foundation for the Improvement of Living and Working Conditions, *Living conditions of the Roma: Substandard housing and health*, 2012. Достапен на: http://www.eurofound.europa.eu/pubdocs/2012/02/en/1/EF1202EN.pdf.

## РАДИОДИФУЗНАТА ТАКСА - ПРЕЧКА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНИТЕ ПРАВА

Чести се случаите кога граѓаните се жалат на неправилности во однос на утврдувањето и наплатата на радиодифузната такса. Во последната претставка пристигната до Хелсиншкиот комитет за човекови права, се обрати граѓанин кој не е во можност да оствари какво било право од областа на социјалната заштита, поради фактот дека има формален статус на управител на правен субјект (ДООЕЛ)[3], кој од 2001 година фактички не остварува дејност и приход. Се работи за граѓанин кој се наоѓа во состојба на социјален ризик со своето трочлено семејство и живее во супстандардни услови, без финансиски приходи поради што во изминатите месеци неколку пати била и исклучувана електричната енергија во домот.

Граѓанинот се обидувал да поведе постапка за бришење на правниот субјект од Централниот регистар (ЦР) на РМ, со што во два наврати и тоа во 2007 и 2010 година е извршен упис на ликвидација во ЦР. Притоа биле приложувани и уверенија за платени даноци што ги издава Управата за јавни приходи (УЈП). Поради лошата финансиска состојба, управителот на фирмата (граѓанинот) тогаш не бил во можност да го плати утврдениот износ на ЦР по основ бришење на субјект запишан во трговскиот регистар. Во меѓувреме (во 2010 година) седиштето на фирмата, односно деловниот простор е отуѓен на друго лице, што значи дека фирмата нема седиште, адреса и не поседува деловен простор. И покрај тоа што цели тринаесет години друштвото не е деловно активно, не остварува приход и нема вработени лица, сепак постапката на бришењето од ЦР сѐ уште не е завршена. Дополнителна отежителна околност е и фактот што од 03.05.2011 година УЈП со решенија го задолжува субјектот на плаќање на радиодифузна такса, долг кој претставува пречка за бришење на субјектот од ЦР.

Работите во врска со водењето на регистарот на обврзници за плаќање на радиодифузната такса ги врши Македонската радио-телевизија (МРТ). Во случајот, МРТ како обврзници на радиодифузна такса го евидентирала правниот субјект кој фактички не постои, како и семејното домаќинство кое во моментот се наоѓа на истата адреса и во истиот станбен простор, во кој претходно се наоѓало седиштето на фирмата. Кога граѓанинот се обратил во просториите на МРТ со намера да поднесе претставка,бил грубо отстранет од страна на обезбедувањето при што му било соопштено дека им е наложено да не се архивираат претставките од граѓаните.

Битката која лицето повеќе од тринаесет години ја води, секојдневно обраќајќи се до надлежните институции (Македонска-радио телевизија и УЈП), кои си ја префрлуваат одговорноста, а неможејќи и самите да се справат со правниот вакуум и недоследности, сѐ уште не е завршена. Хелсиншкиот комитет постапувајќи по претставката на овој граѓанин, изготви тужба до Управниот суд на РМ против

[3]ДООЕЛ- „Друштво со ограничена одговорност од едно лице " –член 169 од Законот за трговските друштва

Решението на второстепениот орган при Министерството за финансии со кои е утврден долгот за радио-дифузна такса.

Оценката на Хелсиншкиот комитет е дека е потребно системско решение кое трајно би го решило проблемот со неоснованото задолжување на радиодифузна такса на неактивните правни субјекти (фирми),што подоцна се јавува како пречка во постапката за нивно бришење од ЦР. Лицата кои се јавуваат како управители на овој тип на пасивни субјекти имаат нерешен правен и социјален статус и автоматски се елиминирани од системот на социјалната заштита.

# ДИСКРИМИНАЦИЈА

## ДИСКРИМИНАЦИЈА ВО ОБЛАСТА НА ВРАБОТУВАЊЕТО И РАБОТНИТЕ ОДНОСИ

Хелсиншкиот комитет за човекови права подолг временски период известува за дискриминацијата врз основа на политичка припадност во областа на вработувањето и работните односи. Дискриминацијата по овој основ во областа на работните односи во образованието беше најзастапена во 2013 година по завршувањето на локалните избори и промената на локалната власт во неколку општини. Ваквиот тренд на поднесување претставки за дискриминација в областа на вработувањето и работните односи, продолжи  и во текот на 2014 година. Особено симптоматичен е случајот за наводна дискриминација поради политичка неопределеност и верска припадност.

Во конкретниот случај се работи за граѓанин кој целосно ги исполнувал условите на оглас за прием на наставник по техничко образование на определено работно време во основно училиште во близината на Охрид, но на 30.12.2013 г.  добил известување по одлука за избор во кое се наведува дека за огласното работно место наставник по техничко образование е примен друг кандидат со завршен Машински факултет. Во известувањето не се наведува дека избраниот кандидат има соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка, која е задолжителен услов за наставна дејност. Незадоволен од добиеното известување, граѓанинот поднел приговор до Училишниот одбор кој понатаму бил одбиен, со образложение дека директорот на училиштето ја поништил одлуката за избор на кандидатот, по задолжение од Државниот просветен инспекторат – Охрид.

Граѓанинот се пријавил и на повторно распишаниот оглас, за што на ден 05.02.2014 г. добил известување за извршен избор на наставници, во кое е наведено дека ВД директорот на училиштето повторно одлучил да го избере истиот кандидат од претходно, иако  кандидатот повторно не ги исполнувал условите за конкретното место, со оглед на фактот дека има завршено машински факултет. Со одлуката на директорот за повторен избор на истиот кандидат, за кој според наводите и сознанијата на подносителот на претставката, пресудна е неговата политичка определеност, тој е ставен во нееднаква положба и е дискриминиран и покрај предноста во однос на условените квалификации и стручност што ги поседува.

Хелсиншкиот комитет напоменува дека според Нормативот за наставен кадар од Бирото за развој на образование на РМ, воспитно образовна работа по техничко образование може да ја изведува лице кое завршило: 1. Педагошки факултет – професот по информатика и техничко образование, 2. Интердисциплинарни студии-професор по производно техничко образование и 3. Педагошка академија – наставник по техничко образование (доколку веќе е во работен однос). Подносителот на претставката ги исполнува предвидените услови, односно има завршено стручно образование предвидено во наставните програми - Технички факултет сообраќаен отсек и дополнително како и Информатика – по програма за перманентно образование на наставни кадри за Основно училиште со предметна специјалност. Исто така, поседува и потребна педагошко-психолошка и методска подготовка. Од причина што и по поништената постапка за избор, повторно е избран истиот кандидат, Хелсиншкиот комитет поднесе претставка до Државниот просветен инспекторат – Охрид за да се изврши инспекциски надзор и ревидирање на постапката и одлуката за избор на наставник по техничко образование во предметното основно училиште.

# СУДСКИ СЛУЧАИ

## ПОЗИТИВНА ПРЕСУДА ВО СЛУЧАЈОТ „УТРИНСКИ ВЕСНИК"

Хелсиншкиот комитет ги набљудуваше судските рочишта во случајот на оспорено отказно решение без отказен рок за новинарка од „Утрински весник". Во јавноста е познат случајот од 24.06.2011 година, кога поголема група на новинари од редакцијата на весникот спонтано изгласале прекин на работата, во знак на изразување на незадоволство поради одлуката на раководството за отпуштање на дел од вработените во редакцијата. Целта на прекинот на работењето била да се извести јавноста дека вработените во „Утрински весник" нема да работат еден ден, изразувајќи незадоволство поради најавените отпуштања од работа. Како резултат на ова, неколкумина новинари добиле одлука за престанок на работен однос поради кршење на работниот ред и дисциплина и работните обврски, без отказен рок. Државниот инспекторат за труд извршил инспекциски надзор на донесените одлуки при што со решение наложил тие да се поништат со образложение дека основот во диспозитивот на одлуките не одговора со наводите за престанок на работен однос без отказен рок предвидени вон член 82 од Законот за работни односи. И покрај ова, одлуките не биле поништени, поради што новинарката пред Основниот суд Скопје 2 Скопје, поднела тужба со која бара да се поништи како незаконита одлуката за престанок на работен однос поради кршење на работен ред и дисциплина и работни односи, без отказен рок.

И покрај тоа што постапките во кои се решава за спорови од работни односи се итни и пред првостепениот суд треба да завршат во рок од шест месеци, сепак пресудата во овој случај беше донесена на 30.12.2013 година, односно по изминување на две години и шест месеци од денот на поднесувањето на тужбата. Судот во овој случај одлучи позитивно и донесе пресуда со која се поништува како незаконита оспорената одлука донесена од страна на управителот на Издаваштво КРУГ ДООЕЛ. Хелсиншкиот

комитет ја поздравува одлуката на првостепениот суд, особено што ова е единствен од трите случаи кои комитетот ги следеше, а каде што првостепениот судот донесе позитивна пресуда во однос на тужбените барања за поништување на одлуките за престанок на работен однос на отпуштените новинари во случајот „Утрински весник“. Останатите две тужбени барања беа одбиени како неосновани, а одлуките беа потврдени и од Апелациониот суд во Скопје. Во еден од случаите е завршена и постапката за ревизија пред Врховниот суд на РМ, каде што е одлучено ревизијата да се одбие како неоснована.

## УПРАВНИОТ СУД СИ ПРОТИВРЕЧИ САМИОТ НА СЕБЕ

Хелсиншкиот комитет за човекови права во своите месечни извештаи повеќепати известуваше за судскиот случај на Славчо Митевски кој веќе 17 години води судска битка за остварување на правото на соодветен паричен надоместок во случај на невработеност. Случајот е започнат уште од 26.09.1997 година кога од страна на Славчо Митевски е поднесено барање за признавање на право на паричен надоместок до Агенцијата за вработување, која погрешно ја утврдува висината на паричниот надоместок и времетраењето на правото, по што била вложена жалба до Министерството за труд и социјална политика, кое го потврдило нападнатото решение.

По добивањето на второстепеното решение Славчо Митевски побарал судска заштита пред Врховниот суд, а подоцна и пред Управниот суд, кои со 7 одлуки утврдуваат неправилности во постапувањето на управните органи и отсуство на докази - М4 образец, врз основа на кој би се докажало како е утврдена висината на паричниот надоместок и даваат задолжителни насоки по кои органите треба да постапат. Ваквите одлуки не се почитуваат ниту од страна на Министерството за труд и социјална политика, ниту од Агенцијата за вработување, поради што Славчо Митевски постојано поведува управни спрови пред надлежните судови и тие предметот го враќаат пред управните органи. Ваквиот маѓепсан круг трае 17 години, поради што Славчо Митевски е обесштетен од страна на Врховниот суд за повреда на правото на судење во разумен рок.

Поради ова, неочекувана е последната одлука на Управниот суд, кој наместо да ги почитува претходно донесените одлуки и да ја искористи својата надлежност самиот да ја реши правната работа, после 17 години одлучува повторно поднесената тужба од страна на Славчо Митевски со истото барање и истите докази да ја одбие како неоснована и да утврди дека правилно е пресметана висината и времетраењето на паричниот надоместок. Според оценката на Комитетот конкретниот случај е показател за лошата состојба со судството и принципот на владеењето на правото, кој претставува темелна вредност на уставниот поредок на Република Македонија. Овој случај претставува и доказ за непочитувањето на судските одлуки во управните спорови од страна на управните органи и неефикасноста на Управниот суд во заштитата на човековите права.